**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ШЕСНАЕСЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 28.09.2022 година

**СКОПЈЕ, СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА**

## З А П И С Н И К

**Од Шеснаесеттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.09.2022 година**

Седницата започна во 13:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Петнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Петнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата. **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештаите на комисијата за општествени дејности, бр.09-5527/2 од 27.09.2022 година, дополнително свиканата седница на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, бр.09-5573/2 од 27.09.2022 година и дополнително свиканата седница на комисијата за финансии и буџет, бр.09-5574/2 од 27.09.2022 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

**7.** Предлог - Одлука за формирање на Совет за социјална заштина на Општина Гази Баба;

**8.** Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година;

**9.** Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;

**10.** Предлог - Одлука за пренесување на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба - дел од приход од комунална такса за јавно осветлување, на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје; и

**11.** Предлог - Одлука за доделување на финансиска помош на фудбалски клуб Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 7** беше **усвоен** со **24 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 8** беше **усвоен** со **24 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 9** беше **усвоен** со **25 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 10** беше **усвоен** со **25 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 11** беше **усвоен** со **25 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "7", "8", "9", "10" и "11" се составен дел од предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за заловување и третирање на територија на Општина Гази Баба за 2021 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година;
3. Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на улица "Христофор Жефаровиќ";
4. Предлог - Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
5. Предлог - Одлука за примање донација од "Макстил" АД Скопје и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација;
6. Предлог - Правилник за доделување стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти од Општина Гази Баба;
7. Предлог - Одлука за формирање на Совет за социјална заштина на Општина Гази Баба;
8. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година;
9. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
10. Предлог - Одлука за пренесување на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба - дел од приход од комунална такса за јавно осветлување, на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје; и

11. Предлог - Одлука за доделување на финансиска помош на фудбалски клуб Скопје.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за заловување и третирање на територија на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.09.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ), Сафет Адеми (ДУИ), м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Гордана Јовиќ - Стојковска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Орде Маневски (Левица), Слаѓана Стаменкова претставник од ЈП "Лајка" - Скопје и Војислав Димитровски - в.д директор на ЈП "Лајка" - Скопје (во оставка) и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Заклучокот за усвојување на извештај за заловување и третирање на територија на Општина Гази Баба за 2021 година, со **20 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.09.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на улица "Христофор Жефаровиќ".**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на улица "Христофор Жефаровиќ", со **20 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **20 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање донација од "Макстил" АД Скопје и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Дарко Стојановски (Левица), м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање донација од "Макстил" АД Скопје и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација, со **20 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за доделување стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти од Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **м-р Соња Зашовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.09.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за доделување стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти од Општина Гази Баба, со **20 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на Совет за социјална заштина на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на Совет за социјална заштина на Општина Гази Баба, со **20 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.09.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година,со **20 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.09.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Совет **ја задолжи** стручната служба со барање да се обрати до директорот на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за да ги образложи причините поради кои советот на општината повеќе од 6 (шест) месеци не е известен за потребата од замена на претставник од стручниот совет во управниот одбор на установата.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за пренесување на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба - дел од приход од комунална такса за јавно осветлување, на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Мариела Христова.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за пренесување на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба - дел од приход од комунална такса за јавно осветлување, на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **20 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување на финансиска помош на фудбалски клуб Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување на финансиска помош на фудбалски клуб Скопје, со **20 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Шеснаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **16** часот.

**Број 09-6229/2**
**од 28 октомври 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот